29.05.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 22.05.2018 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Информацијата за следењето на санитарно-хигиенската состојба и биолошкиот квалитет на исхраната во предучилишни установи, ученички домови, домови за згрижување на стари лица за 2017 година

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за следењето на санитарно-хигиенската состојба и биолошкиот квалитет на исхраната во предучилишни установи, ученички домови, домови за згрижување на стари лица за 2017 година

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-61/22 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.05.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Информацијата за следење на состојбата со водоснабдување и квалитетот на водата за пиење во Општина Битола во текот на 2017 г.**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информацијата за следење на состојбата со водоснабдување и квалитетот на водата за пиење во Општина Битола во текот на 2017 г., донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.05.2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-437/21 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.05.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 22.05.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Информацијата за следење на состојбата со водоснабдување и квалитетот на водата за пиење во Општина Битола во текот на 2017 г.**

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за следење на состојбата со водоснабдување и квалитетот на водата за пиење во Општина Битола во текот на 2017 г.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-61/23 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.05.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Информацијата за извршена имунизација во регионот на Центар за јавно здравје Битола за 2017 г.**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информацијата за извршена имунизација во регионот на Центар за јавно здравје Битола за 2017 г., донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.05.2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-437/22 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.05.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 22.05.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Извештај за извршена имунизација во регионот на Центар за јавно здравје - Битола за 2017 г.**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештај за извршена имунизација во регионот на Центар за јавно здравје – Битола за 2017 г.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-61/24 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.05.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.05.2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-437/23 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.05.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ„ бр.27/14...35/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 22.05.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,,Мајски Цвет“ Битола**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола бр. 01-118/1 од 17.04.2018 година, донесен од Управниот одбор на Установата.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-61/25 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.05.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Одлука за измени и дополнување на Статутот на ЈП „Комуналец“ Битола (пречистен текст) бр. 02-278/3-1 од 01.06.2016 година**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлука за измени и дополнување на Статутот на ЈП „Комуналец“ Битола (пречистен текст)бр. 02-278/3-1 од 01.06.2016 година, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.05.2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-437/24 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.05.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ„ бр.38/96...64/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 22.05.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлука за измени и дополнување на Статутот на ЈП „Комуналец“ Битола (пречистен текст) бр. 02-278/3-1 од 01.06.2016 година**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за измени и дополнување на Статутот на ЈП „Комуналец“ Битола (пречистен текст) бр. 02-278/3-1 од 01.06.2016 година, донесена од Управниот одбор на Претпријатието на ден 26.01.2018 под бр.02-94/12.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-61/26 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.05.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со КЈП Нискоградба-Битола за реализирање на Програмата на Советот на општина Битола за крпење на улици и патишта со асфалт и вертикална сигнализација со примена на член 10-а од ЗЈН

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со КЈП Нискоградба-Битола за реализирање на Програмата на Советот на општина Битола за крпење на улици и патишта со асфалт и вертикална сигнализација со примена на член 10-а од ЗЈН, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.05.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-437/25 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.05.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ„ бр.38/96...64/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 22.05.2018 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со КЈП Нискоградба-Битола за реализирање на Програмата на Советот на општина Битола за крпење на улици и патишта со асфалт и вертикална сигнализација со примена на член 10-а од ЗЈН

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со КЈП Нискоградба-Битола за реализирање на програмата на Советот на општина Битола за крпење на улици и патишта со асфалт и вертикална сигнализација со примена на член 10-а од ЗЈН бр.02-332/4 од 11.05.2018 година, донесена од Управниот одбор на претпријатието.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-61/27 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.05.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.05.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-437/26 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.05.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 17 од Законот за јавни претпријатија („Сл. весник на РМ“ бр. 38/96.......39/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 22.05.2018 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ Битола

1. Од Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ Битола, се разрешува:

– Јасмина Петровска, дипл.економист, од Битола,

СЕ ИМЕНУВА:

– Никола Марковски, дипл. менаџер и инж. на информациски системи, од с. Кравари, ул. „Солунска“ бр. 24.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-61/28 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.05.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Дихово во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Дихово во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.05.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-437/27 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.05.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. весник на РМ“ бр. 56/2011 и 162/2012) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 22.05.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
### за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Дихово во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниотобјект со намена В3-6во идна урбанистичко планска документација:

УП 1 бр.27-12473, **КП бр. 866 КО Дихово** (Општина Битола) згр.1 и 2 (В3-6)

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-61/29 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.05.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Долно Оризари во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Долно Оризари во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.05.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-437/28 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.05.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. весник на РМ“ бр. 56/2011 и 162/2012) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 22.05.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Долно Оризари во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправнитеобјекти со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација:

УП1 бр.27-4948/11 **КП бр. 1146 КО Д. Оризари** (Борче Руменовски) згр.1 (А1-1)

УП1бр.27-6005/11 **КП бр. 1822 КО Д. Оризари** (Милан и Благоја Којдовски) згр.1 (А1-1), згр.2 (А5-1)

УП1 бр.27-6505/11 **КП бр.1832 КО Д. Оризари** (Дончо Руменовски) згр.1 (А1-1 и А5-1) **КП бр.1833 КО Д. Оризари** (Дончо Руменовски) згр.1 (А1-1)

УП1 бр.27-6684/11 **КП бр.1225 КО Д. Оризари** (Златко Стојанов) згр.1 (А1-1)

УП1 бр.27-6716/11 **КП бр. 1162 КО Д. Оризари** (Гоце Трајковски) згр.1 (А1-1)

УП1 бр.27-7078/11 **КП бр. 1807 КО Д. Оризари** (Мара Димитријевска) згр.1 (А1-1), згр.2, 3 и 4 (А5-4)

УП1 бр.27-7086/11 **КП бр. 1396 КО Д. Оризари** (Кире Босилковски) згр.1 (А1-1) **КП бр.1403**

УП1 бр.27-7423/11**КП бр. 1352/1 КО Д. Оризари** (Стале Најдовски) згр.1 (А1-1), згр.2 (А5-1) и згр.3 (А5-4)
**КП бр. 1352/2 КО Д. Оризари** (Стале Најдовски) згр.1 (А1-1), згр.2 (А5-1) и згр.3 (А5-4)
УП1 бр.27-7425/11 **КП бр.1413 КО Д. Оризари** (Живко Ристевски) згр.1 (А1-1)

УП1 бр.27-11377/11 **КП бр.1808 КО Д. Оризари** (Димче и Сузана Пеовски) згр.1 (А1-1), згр.2 (А5-4)

УП1 бр.27-11382/11 **КП бр.1767 КО Д. Оризари** (Тоде Колевски) згр.1 и 4 (А1-1) и згр.5 (А5-4)

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Служ-бен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-61/30 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.05.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Крстоар во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопу-вање на бесправните објекти изградени во КО Крстоар во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.05.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-437/29 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.05.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 2 став 2 од Пра-вилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. весник на РМ бр. 56/2011 и 162/2012) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 22.05.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Крстоар во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска доку-ментација со која ќе се изврши проширу-вање на планскиот опфат и вклопување на бесправнитеобјекти со намена А-домување во идна урбанистичко планска докумен-тација:

УП 1 бр.27-6926/2011 **КП бр.97 КО Крстоар** (Слободанка Тодоровска) згр.1 (А4-3)
УП 1 бр.27-9906/2011 **КП бр.315 КО Крстоар** (Љупчо Карушев) згр.1 (А4-3) згр.2 (А5-1)
УП 1 бр.27-11334/2011 **КП бр.181 КО Крстоар** (Менка Стефановска) згр.1 (А1-1)

**Член 2**

Оваа Одлука влегува влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-61/31 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.05.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Бистрица во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Бистрица во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.05.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-437/30 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.05.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. Весник на РМ“ бр. 56/2011 и 162/2012) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 22.05.2018 година, донесе

## ОДЛУКА
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Бистрица во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправнитеобјекти со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација:

УП 1 бр.27-6407/11**КП бр.1402 КОБистрица** (Ејуп Асановски) згр.1 (А1-1)

УП 1 бр.27-6500/11**КП бр.703/2 КО Бистрица** (Лубе Шиникоски) згр.1 и згр.2

УП 1 бр.27-11272/11 **КП бр.1187/1 КО Бистрица** (Владо Котевски) згр.1 (А1-1) згр.2 (А5-4)

УП1бр.27-11291/11 **КП бр.976 КО Бистрица** (Митко и Љубица Кавалиновски) згр.2 (А5-4) **КП бр.981 КО Бистрица** (Митко и Љубица Кавалиновски) згр.1 (А5-4)

**Член 2**

Оваа Одлука влегува влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-61/32 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.05.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Ротино во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопу-

вање на бесправните објекти изградени во КО Ротино во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.05.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-437/31 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.05.2018 год. на Општината Битола,
Битола м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. весник на РМ“ бр. 56/2011 и 162/2012) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 22.05.2018 година, донесе

## ОДЛУКА
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Ротино во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправнитеобјекти со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација:

УП 1 бр.27-5136/2011 **КП бр.872/1 КО Ротино**(Миле Лозановски) – згр. бр.1 (А-1)
УП 1 бр.27-7029/2011 **КП бр.931/1 КО Ротино** (Зоран Стерјовски) – згр.1 (А1-1) и 2 (А5-4) **КП бр.932 КО Ротино** (Зоран Стерјовски) – згр.2 (А1-1)
УП 1 бр.27-7033/2011 **КП бр. 370 КО Ротино** (Љупчо Лечковски) – згр. бр.1 (А1-1)

**Член 2**

Оваа Одлука влегува влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-61/33 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.05.2018 г. на Советот на Општината Битола
Битола Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за задолжување на ЈП „Комуналец“-Битола во рамка лимит од Стопанска банка АД Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за задолжување на ЈП „Комуналец“-Битола во рамка лимит од Стопанска банка АД Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.05.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-437/32 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.05.2018 год. на Општината Битола,
Битола м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 22.05.2018 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за давање согласност на Одлуката за задолжување на ЈП „Комуналец“-Битола во рамка лимит од Стопанска банка АД Битола

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за задолжување на ЈП „Комуналец“-Битола во рамка лимит од Стопанска банка АД Битола бр. 02-380/5 од 16.05.2018 година, донесена од Управниот одбор на Претпријатието.

2. Решението влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-61/34 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.05.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката на КЈП „Нискоградба“ Битола за продолжување на рокот на важноста на Договорот бр. 08-4527/2 од 01.11.2013 година за одобрување на рамковен лимит за одобрување на кредитна изложеност

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката на КЈП „Нискоградба“ Битола за продолжување на рокот на важноста на Договорот бр. 08-4527/2 од 01.11.2013 година за одобрување на рамковен лимит за одобрување на кредитна изложеност, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.05.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-437/33 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.05.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 22.05.2018 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Одлуката на КЈП „Нискоградба“ Битола за продолжување на рокот на важноста на Договорот бр. 08-4527/2 од 01.11.2013 година за одобрување на рамковен лимит за одобрување на кредитна изложеност

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката на КЈП „Нискоградба“ Битола за продолжување на рокот на важноста на Договорот бр. 08-4527/2 од 01.11.2013 година за одобрување на рамковен лимит за одобрување на кредитна изложеност бр. 02-302/6 од 04.05.2018 година, донесена од Управниот одбор на Претпријатието.

2. Решението влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-61/35 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.05.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за поднесување на Барање за донесување Одлука на Советот на Општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со Јавното претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола за извршување на услуги (урбанистичко планирање-како примарна дејност, проектирање, инженеринг, надзор и други технички услуги), а согласно член 10-а од Законот за јавни набавки

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за поднесување на Барање за донесување Одлука на Советот на Општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со Јавното претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола за извршување на услуги (урбанистичко планирање-како примарна дејност, проектирање, инженеринг, надзор и други технички услуги), а согласно член 10-а од Законот за јавни набавки, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.05.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-437/34 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.05.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ„ бр.38/96...64/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 22.05.2018 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Одлуката за поднесување на Барање за донесување Одлука на Советот на Општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со Јавното претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола за извршување на услуги (урбанистичко планирање-како примарна дејност, проектирање, инженеринг, надзор и други технички услуги), а согласно член 10-а од Законот за јавни набавки

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за поднесување на Барање за донесување Одлука на Советот на Општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со Јавното претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола за извршување на услуги (урбанистичко планирање-како примарна дејност, проектирање, инженеринг, надзор и други технички услуги), а согласно член 10-а од Законот за јавни набавки бр.02-9 од 18.05.2018 година, донесена од Управниот одбор на Претпријатието.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-61/36 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.05.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за примање на донација од Премиум пиво Битола

1. Ја објавувам Одлуката за примање на донација од Премиум пиво Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.05.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-437/35 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.05.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 7 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ“ бр.47/06...153/15) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05 и 17/08), Советот на општина Битола на седницата одржана на 22.05.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за примање на донација од Премиум пиво Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Битола во својство на примател ја прима донацијата од 8 осветлувачки канделабри и 2 дрвени клупи за седење дадени од страна на давателот Премиум пиво Битола.

**Член 2**

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со давателот на донацијата со кој подетално ќе биде уреден начинот на користење на донацијата.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-61/37 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.05.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионален центар за поддршка на слепи лица и лица со попреченост во видот

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар , Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионален центар за поддршка на слепи лица и лица со попреченост во видот, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.05.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-437/36 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.05.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ” бр. 79/09), член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08) Советот на Општината Битола, на седница одржана на 22.05.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар , Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионален центар за поддршка на слепи лица и лица со попреченост во видот

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионален центар за поддршка на слепи лица и лица со попреченост во видот поднесен од Градоначалникот на Општина Битола број 08- 418/2 од 21.05. 2018 година.

Учеството на општините потписнички на МОС во финансирањето на Регионалниот центар ќе се состои во издвојување на 2% од буџетот на секоја општина наменет за

финансирање на Здруженија на граѓани и фондации.

Регионалниот центар за поддршка на слепи лица и лица со попреченост во видот е должен да доставува полугодишен извештај до општините потписнички за начинот на трошење на средствата уплатени од Општините.

**Член 2**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа одлука, процената за потребата од воспоставување на меѓуопштинската соработка, се доставува до општините Ресен, Демир Хисар, Могила и Новаци заради усвојување.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-61/38 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.05.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18) , чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) и донесената Програма за изработка на урбанистички планови во Општината Битола во 2018 година бр.09-110/16 од 25.12.2017, Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

СООПШТЕНИЕ

**За организирање на ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по Предлог Детален Урбанистички План за Блок Стар Прогрес - Општина Битола**

Јавната Презентација по Предлог Детален Урбанистички План за **Блок Стар Прогрес-Општина Битола** ќе се одржи на ден 07.06.2018 г. (четврток) во 11.00 часот во Салата на Совет на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр. 61 Општина Битола.

Предлог Детален Урбанистички План за **Блок Стар Прогрес-Општина Битола** се однесува на опфатот кој е дефиниран со следните граници:

- На ***север*** се движи на осовина на планираната собирна улица,
- На ***исток*** по осовината на магистралната улица „Македонска Фаланга„ поранешна „Иво Лола Рибар„.
- На **северо-*запад*** по осовината на отворениот атмосферски канал.

Графичкиот прилог од Предлог Детален Урбанистички План за **Блок Стар Прогрес-Општина Битола** ќе биде изложен на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 07.06.2018 год. и на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панелот за јавна презентација и јавна анкета. Површината на дефинираниот плански опфат изнесува 1,74 ха.

**Јавната Анкета по Предлог Детален Урбанистички План за Блок Стар Прогрес-Општина Битола, ќе трае 6 работни денови почнувајќи од 07.06.2018 год. заклучно со 15.06.2018 год.**

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со предлог планот, можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови, во писмена форма, кои можат да се подигнат од Општина Битола или во електронска форма преку информацискиот систем за е-урбанизам.

Се повикуваат правните и физички лица од конкретното подрачје на предлог планот да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

08-289/3
29.05.2018 год.
БИТОЛА

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**м-р. Наташа Петровска**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 , 163/16 и 64/18) , чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) и донесената Програма за изработка на урбанистички планови во Општината Битола во 2017 година бр.09-125/17 од 23.12.2016, Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

## С О О П Ш Т Е Н И Е

За организирање на **ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по Предлог Детален Урбанистички План за Станбена Заедница бр. 4 и 2 Реонски Центар Запад, Блок 1 - Општина Битола (изменување и дополнување)**

Повторната Јавна Презентација по Предлог Детален Урбанистички План за Станбена Заедница бр. 4 и 2 Реонски Центар Запад, Блок 1 - Општина Битола (изменување и дополнување) ќе се одржи на ден 07.06.2018 г. (четврток) во 11.00 часот во Салата на Совет на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр. 61 Општина Битола.

Предлог Детален Урбанистички План за Станбена Заедница бр. 4 и 2 Реонски Центар Запад, Блок 1 - Општина Битола (изменување и дополнување) се однесува на опфатот кој е дефиниран со следните граници: почетна точка пресек на осовини на улици „Васко Карангелевски" и „Борис Кидрич", на север осовината на улица „Борис Кидрич", на исток осовина на дел од улица „Михајло Апостолски", на југ осовина на планирани колски и пешачки пристапи во реонскиот центар до пресек со осовината на ул. „Васко Карангелевски" и на запад по осовина на дел од ул. „Васко Карангелевски" каде се спојува во почетната точка.

Графичкиот прилог од Предлог Детален Урбанистички План за Станбена Заедница бр. 4 и 2 Реонски Центар Запад, Блок 1 - Општина Битола (изменување и дополнување), ќе биде изложен на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 07.06.2018 год. и на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панелот за јавна презентација и јавна анкета. Површината на дефинираниот плански опфат изнесува 4,34 ха.

**Повторната Јавна Анкета по Предлог Детален Урбанистички План за Станбена Заедница бр. 4 и 2 Реонски Центар Запад, Блок 1 - Општина Битола (изменување и дополнување), ќе трае 6 работни денови почнувајќи од 07.06.2018 год. заклучно со 15.06.2018 год.**

Во одредениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со предлог планот, можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови, во писмена форма, кои можат да се подигнат од Општина Битола или во електронска форма преку информацискиот систем за е-урбанизам.

Се повикуваат правните и физички лица од конкретното подрачје на предлог планот да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

**08-436/3**
**29.05.2018 год.**
**Б И Т О Л А**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**М-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 став 1 точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија”, бр. 5/02), член 17 став 7 од Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ бр. 27/2014, 199/2014 , 27/2016 и 35/2018), а во врска со член 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службн весник на Република Македонија„ бр. 11/2018) како и член 54 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола „ бр. 10/05) Градоначалникот на Општината Битола, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 01-02 од 03.09.2015 година , бр. 01-01/1 од 09.08.2016 година и бр. 01-01/1 од 10.05.2017 година и тоа:

Во глава II „Распоред и опис на работни места на административните службеници, помошно техничките лица и овластени службени лица во областа на безбедноста„ во членовите 7,8,9,10,11 и 12 во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски) се бришат деловите :

За нивото А4

-„преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (B1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5 - 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат. „

За нивото Б2

-„преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (B2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат, ТестДаФ„.

За нивоата Б3 и Б4

- „преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (B1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5 - 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.„.

За сите нивоа на В

- „преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (A2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно КЕТ, ИЕЛТС со максимум 3 поени или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 400

бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.„

За сите нивоа на Г

- „преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори, или уверение од меѓународна институција на А1 (А1) нивото на ЦЕФР (CEFR), или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат„.

**Член 2**

Во глава II „Распоред и опис на работни места на административните службеници, помошно техничките лица и овластени службени лица во областа на безбедноста„ во членовите 7,8 и 11, во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа , се додава/останува следниот текст:

„активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцelариско работење и положен испит за административно управување, додека во членовите 9,10 и 12 во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа , се додава/останува следниот текст:

„активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) и активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„ а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Бр.01-01/1**
26.04.2018.
Битола

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општината Битола
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 ,145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017,64/18) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

# РЕШЕНИЕ

**за разрешување на ВД Директор на Средно општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола**

1. **Фанија Наумовска** ВД Директор на СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола **се разрешува** од функцијата ВД Директор заклучно со 18.05.2018 година, поради завршување на мандат

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник„ на Општина Битола„.

**Образложение**

Со Решение за именување на ВД Директор на Средното општинско училиште Гимназија, ,Јосип Броз Тито„ Битола, бр.08- 955/4 од 17.11.2017 година, за ВД Директор е избран Фанија Наумовска.
Имајки го во предвид фактот што мандатот на ВД директорот е завршен, се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од Решението да се достави до архивата на Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола, до архивата на општинската администрација и еден примерок на разрешениот В.Д. Директор Фанија Наумовска.

**Бр. 08- 417/1**
**21.05.2018 година**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Градоначалник**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 ,145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/18) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

# РЕШЕНИЕ

**за именување на ВД Директор на Средно општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола**

1.За ВД Директор на СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола **СЕ ИМЕНУВА Фанија Наумовска**, ВСС досегашен ВД Директор во училиштето.

2.Функцијата В.Д. Директор ја превзема од 19.05.2018 година.

3.В.Д. Директорот ги врши работите до именувањето на нов Директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на негово именување.

4.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола„.

**Образложение**

Поради обезбедување на континуитет во Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито„ Битола, имајќи го во предвид фактот што мандатот на ВД директорот е завршен согласно член 93 -в од Законот за средно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Примерок од Решението да се достави до архивата на Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола, до архивата на општинската администрација и избраниот В.Д. Директор Фанија Наумовска.

**Бр. 08-**4172
**21.05.2018 година**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Градоначалник**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 ,145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017,64/18) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

# РЕШЕНИЕ

**за разрешување на ВД Директор на Општинско средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи„ Битола**

1.**Билјана Кокалевска** ВД Директор на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи„ Битола **се разрешува** од функцијата ВД Директор заклучно со 24.05.2018 година, поради завршување на мандат

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник„ на Општина Битола„.

**Образложение**

Со Решение за именување на ВД Директор на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи„ Битола бр.08- 572/8 од 24.11.2017 година, за ВД Директор е избран Билјана Кокалевска.
Имајки го во предвид фактот што мандатот на ВД директорот е завршен, се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од Решението да се достави до архивата на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи„ Битола до архивата на општинската администрација и еден примерок на разрешениот В.Д. Директор .

**Бр. 08- 425/1**
**23.05.2018 година**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Градоначалник**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 ,145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/18) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

# РЕШЕНИЕ

**за именување на ВД Директор на Општинско средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи„ Битола**

1.За ВД Директор на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи„ Битола **СЕ ИМЕНУВА** **Билјана Кокалевска**, ВСС досегашен ВД Директор во училиштето.

2.Функцијата В.Д. Директор ја превзема од 25.05.2018 година.

3.В.Д. Директорот ги врши работите до именувањето на нов Директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на негово именување.

4.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола„.

**Образложение**

Поради обезбедување на континуитет во ОСМУ „Д-р Јован Калаузи„ Битола имајќи го во предвид фактот што мандатот на ВД директорот е завршен согласно член 93 -в од Законот за средно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Примерок од Решението да се достави до архивата на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи„ Битола до архивата на општинската администрација и избраниот В.Д. Директор.

**Бр. 08-425/2**
**23.05.2018 година**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Градоначалник**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 135 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016 , 127/16 , 67/17 и 64/2018 ) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на ВД Директор на основно училиште**
**„Коле Канински„ Битола**

1. **Се разрешува Зоран Мирчевски** досегашен ВД Директор на Основното училиште „Коле Канински„ Битола од функцијата ВД Директор на училиштето заклучно со 28.05.2018 г.

2. Се задолжува разрешениот ВД Директор да изврши примопредавање на должноста со именованиот ВД Директор согласно законските прописи.

3.Ова решение влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Решение за избор на ВД Директор на ОУ „Коле Канински„ Битола бр.08-975/4 од 28.11.2017 година Зоран Мирчевски беше избран за ВД Директор на училиштето.
Со оглед дека мандатот на ВД Директорот заврши се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Бр.08-433/1**
**28.05.2018 год.**
**Битола**

**Г р а д о н а ч а л н и к**
**на Општина Битола**
**м-р Наташа Петровска**

29.05.2018

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 135 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016 , 127/16 , 67/17 и 64/2018 ) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување ВД Директор на основно училиште**
**„Коле Канински„ Битола**

1. За В.Д. Директор на ОУ „ Коле Канински„ Битола **се именува** Лидија Недановска Професор во одделенска настава вработен во училиштето.

Функцијата В.Д. Директор ја превзема од 29.05.2018 година.

2. ВД Директор ги врши работите до именување на нов Директор , но не подолго од 6 месеци од денот на неговото именување.

3. Новоименуваниот ВД Директор со разрешениот ВД Директор да извршат примопредавање на правата и должностите , а во согласност со позитивните прописи.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Поради обезбедување на континуитет во Основното училиште „Коле Канински„ Битола, а по престанокот на мандатот на досегашниот ВД Директор согласно член 135 од Законот за основно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Бр.08-433/2**
**28.05.2018 год.**
**Битола**

**Г р а д о н а ч а л н и к**
**на Општина Битола**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 135 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016 , 127/16 , 67/17 и 64/2018 ) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на ВД Директор на основно училиште**
**„Тодор Ангелевски„ Битола**

1. **Се разрешува Љубица Стерјева** досегашен ВД Директор на Основното училиште „Тодор Ангелевски„ Битола од функцијата ВД Директор на училиштето заклучно со 29.05.2018 г.

2. Се задолжува разрешениот ВД Директор да изврши примопредавање на должноста со именованиот ВД Директор согласно законските прописи.

3.Ова решение влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Решение за избор на ВД Директор на ОУ „Тодор Ангелевски„ Битола
бр.08-980/4 од 29.11.2017 година Љубица Стерјева беше избран за
ВД Директор на училиштето.
Со оглед дека мандатот на ВД Директорот заврши се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Бр.08- 447/1**
**29.05.2018 год.**
**Битола**

**Г р а д о н а ч а л н и к**
**на Општина Битола**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 135 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016 , 127/16 , 67/17 и 64/2018 ) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување ВД Директор на основно училиште „Тодор Ангелевски„ Битола**

1. За В.Д. Директор на ОУ „ Тодор Ангелевски„ Битола **се именува** Соња Крстеска дипломиран психолог вработен во училиштето.

Функцијата В.Д. Директор ја превзема од 30.05.2018 година.

2. ВД Директор ги врши работите до именување на нов Директор , но не подолго од 6 месеци од денот на неговото именување.

3. Новоименуваниот ВД Директор со разрешениот ВД Директор да извршат примопредавање на правата и должностите , а во согласност со позитивните прописи.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Поради обезбедување на континуитет во Основното училиште „Тодор Ангелевски„ , Битола, а по престанокот на мандатот на досегашниот ВД Директор согласно член 135 од Законот за основно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Бр.08-447/2**
**29.05.2018 год.**
**Битола**

**Г р а д о н а ч а л н и к**
**на Општина Битола**
**м-р Наташа Петровска**

## С О Д Р Ж И Н А

З А К Л У Ч О К за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за првиот квартал од 2018 година ........ 1

З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за имплементација на проектот Benefit од првиот повик од Програмата за прекугранична соработка со Грција 2014-2020 (Interreg IPA Programme Greece-Former Yugoslav Republic of Macedonia 2014-2020)......... 3

О Д Л У К А за имплементација на проектот Benefit од првиот повик од Програмата за прекугранична соработка со Грција 2014-2020 (Interreg IPA Programme Greece-Former Yugoslav Republic of Macedonia 2014-2020)......... 4

Р Е Ш Е Н И Е за запирање на објавувањето на Одлуката за давање на користење без надоместок на објектот на УЗ „Коле Лачето“ сопственост на Општината Битола на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола ........ 4

О Д Л У К А за примање на донација од Пивара АД Скопје – изградба на спортски рекреативни справи ........ 5

О Д Л У К А за примање на донација од Пивара АД Скопје – изградба на јавни паркиралишта за велосипеди ........ 6

О Д Л У К А за примање на донација-прочистувачи за воздух на општина Битола дадена од страна на ЛУКОИЛ Македонија.......... 7

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за организирање на зимската служба на подрачјето на Општината Битола за сезоната 2017/2018 година ........ 7

З А К Л У Ч О К за не усвојување Извештајот за работата на Ракометниот клуб „Пелистер“ Битола за 2017 година........ 8

З А К Л У Ч О К за не усвојување Извештајот за работата на Кошаркарскиот клуб „Пелистер“ Битола за 2017 година........ 8

П Р АВ И Л Н И К за измена на Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ........ 9

З А К Л У Ч О К за усвојување Финансискиот план и програма за работа на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола за 2018 година........ 10

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишната програма за работа на ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер“ Битола за 2018 година ........ 10

З А К Л У Ч О К за усвојување Програмата за работа на ЈОУ Зоолошка градина Битола за 2018 година ........ 11

З А К Л У Ч О К за усвојување Информацијата од ризикот на комуналната бучава врз здравјето на населението во Битола за 2017 година........ 11

З А К Л У Ч О К за усвојување Информацијата за состојбата со малигните заболувања на Општина Битола 2016/2017 година ........ 12

З А К Л У Ч О К за усвојување Информацијата за следење на нутритивниот статус на предучилишни и училишни деца во Општина Битола за 2017 година ........ 12

З А К Л У Ч О К за усвојување Информацијата за здравствено-еколошкиот ризик од загадувањето на водата од акумулацијата „Стрежево“ ........ 13

З А К Л У Ч О К за усвојување Информацијата за следењето на санитарно-хигиенската состојба и биолошкиот квалитет на исхраната во предучилишни установи, ученички домови, домови за згрижување на стари лица за 2017 година........ 13

З А К Л У Ч О К за усвојување Информацијата за следење на состојбата со водоснабдување и квалитетот на водата за пиење во Општина Битола во текот на 2017 г... 14

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештај за извршена имунизација во регионот на Центар за јавно здравје – Битола за 2017 г. ........ 14

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола........ 15

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлука за измени и дополнување на Статутот на ЈП „Комуналец“ Битола (пречистен текст) бр. 02-278/3-1 од 01.06.2016 година........ 15

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со КЈП Нискоградба-Битола за реализирање на Програмата на Советот на општина Битола за крпење на улици и патишта со асфалт и вертикална сигнализација со примена на член 10-а од ЗЈН 16

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ Битола ........................................................... 17

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Дихово во идна урбанистичко планска документација ...................................................... 17

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Долно Оризари во идна урбанистичко планска документација ....................................... 18

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Крстоар во идна урбанистичко планска документација ...................................................... 19

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Бистрица во идна урбанистичко планска документација ....................................... 20

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Ротино во идна урбанистичко планска документација ...................................................... 21

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за задолжување на ЈП „Комуналец“-Битола во рамка лимит од Стопанска банка АД Битола .......................................................... 21

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката на КЈП „Нискоградба“ Битола за продолжување на рокот на важноста на Договорот бр. 08-4527/2 од 01.11.2013 година за одобрување на рамковен лимит за одобрување на кредитна изложеност ................. 22

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за поднесување на Барање за донесување Одлука на Советот на Општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со Јавното претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола за извршување на услуги (урбанистичко планирање-како примарна дејност, проектирање, инженеринг, надзор и други технички услуги), а согласно член 10-а од Законот за јавни набавки ................................ 23

О Д Л У К А за примање на донација од Премиум пиво Битола ......................................... 24

О Д Л У К А за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар , Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионален центар за поддршка на слепи лица и лица со попреченост во видот ......................................... 24

С О П Ш Т Е Н И Е за организирање на ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по Предлог Детален Урбанистички план за Блок Стар Прогрес - Општина Битола ................................................... 26

С О П Ш Т Е Н И Е за организирање на ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по Предлог Детален Урбанистички план за Станбена заедница бр. 4 и 2 Реонски Центар Запад, Блок 1 - Општина Битола (изменување и дополнување) ................... 27

П Р А В И Л Н И К за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општина Битола .................................................................. 28

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на Средно општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Битола.................................. 30

Р Е Ш Е Н И Е за именување на ВД Директор на Средно општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Битола ................................ 31

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на Општинско средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи“ – Битола ........... 32

Р Е Ш Е Н И Е за именување на ВД Директор на Општинско средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи“ – Битола............................. 33

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на основно училиште „Коле Канински“ – Битола.......................................................................34

Р Е Ш Е Н И Е за именување ВД Директор на основно училиште „Коле Канински“ – Битола .....35

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на основно училиште „Тодор Ангелевскии“ – Битола ........................................................................ 36

Р Е Ш Е Н И Е за именување ВД Директор на основно училиште „Тодор Ангелевскии“ – Битола ..................................................................... 37

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211